**20210310464**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 151 став (2) од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19 и 275/19), министерот за правда донесе

## ПРОГРАМА ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ДЕТЕ КОЕ Е ЖРТВА ИЛИ Е ОШТЕТЕНО СО ДЕЈСТВИЕ КОЕ СО ЗАКОН Е ПРЕДВИДЕНО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО НА НАСИЛСТВО И НА ДРУГИ АКТИ НА ИНДИВИДУАЛНО ИЛИ ГРУПНО НАСИЛСТВО, ЗА 2021 ГОДИНА

I

Со оваа програма се обезбедуваат средства за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2021 година.

Средствата за реализација на оваа програма се обезбедуваат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, раздел 07001 – Министерство за правда, Програма 10 – Администрација, Категорија 46 – субвенции и трансфери, расходна ставка 464 –Разни трансфери.

II

Средствата од делот I од оваа програма, ќе се користат за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, согласно одредбите од Законот за правда за децата.

За реализација на оваа програма од Буџетот на Република Северна Македонија одобрени се 1.000.000,00 денари.

III

Исплатата на обесштетувањето согласно оваа програма од страна на Министерството за правда ќе се изврши најдоцна 30 дена по добивањето на конечното решение за исплата на обесштетувањето од надлежен суд.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма се грижи Министерството за правда.

V

Од страна на Министерството за правда до Владата на Република Северна Македонија се доставува извештај за реализација на средствата од оваа програма, најдоцна до 31 јануари 2022 година.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-160/1
14 јануари 2021 година
Скопје

Министер за правда,
м-р **Бојан Маричиќ**, с.р.